I КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ОД ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА НА МАКЕДОНИЈА
ОХРИД, 06-10 ОКТОМВРИ, 1998
I-st CONGRESS OF THE PHYSICIANS OF THE MACEDONIAN PREVENTIVE MEDICINE
OHRID, OCTOBER 06-10, 1998

# ВИРУСНИ ИНФЕКЦИИ - КОМПЛИКАЦИИ И ТРЕТМАН КАЈ ДЕЦАТА ВО ДД "ИДАДИЈА"

Н.Смоковска, И.Смоковски
Здравствен дом Скопје - Скопје

Цел: Следење на вирусните инфекции во периодот од јануари-април 1998, нивниот третман со симптоматска терапија, а компликациите со антибиотска терапија.

Метод: Обработени се 268 деца со вирусни инфекции и групирани се според возраста од 0-1 год.- 12,3%, од 1-3 год.- 32,1%, од 3-7 год.- 55,7%. Со симптоматска терапија беа третирани 65,3%, а 34,7% од децата поради ко-инфекции беа третирани и со антибиотска терапија.

Резултати: Најголем број на заболените од вирусни инфекции беа децата од 3-7 год.- 73,5% како резултат на групен начин на живеење во градинки и забавишта. Кај 20,5% од вкупниот број деца се јавија компликации: на горните респираторни патишта е 52,7%, на долните респираторни патишта е 36,4% и воспаление на средното уво- 10,9%.

Заклучок: Да се заборави употреба на антибиотици кај некомплицираните вирусни инфекции, а да се третираат со симптоматска терапија, како и да се спроведува хигиено-епидемиолошки режим.